# Оддел за транснационални закани
# Одделение за стратешки полициски работи

## Полициско работење водено од разузнавање
### Од реакција кон превенција

ОБСЕ го промовира полициското работење водено од разузнавање (ПРВР) како современ и проактивен пристап во спроведувањето на законот.

ПРВР се осврнува на двата главни предизвици при спроведувањето на законот во моментов – сè поголемата комплексност и транснационалниот карактер на криминалот, и зголемените барања на јавноста за финансиска ефикасност.




Во ПРВР централно место имаат разузнавачките сознанија – податоците и информациите – што е решавачки фактор за спречување и намалување на криминалот.

ПРВР подразбира создавање на структури и работен проток за управување и анализирање на разузнавачките сознанија, при што овие практики треба да се во согласност со домашните и меѓународните закони и стандарди за заштита на податоци и почитување на човековите права.

Најновите трендови во организираниот криминал и тероризмот укажуваат на потребата да се споделуваат, поврзуваат и централно да се анализираат релевантните разузнавачки сознанија на секое ниво.

**ПРВР се фокусира на систематско собирање и анализа на податоци и информации за:**

- Дефинирање на стратешките и оперативните приоритети и цели;
- Донесување одлуки за политики, стратегии, операции и истраги;
- Обезбедување рационална распределба на човечки, финансиски и други видови ресурси.

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe

## Клучни предуслови за успешно ПРВР:

- Јасна национална законска рамка во согласност со меѓународните стандарди, човековите права и принципите за заштита на податоци;
- Политичка поддршка и заложба на високо раководно ниво;
- Обучен персонал за анализа на криминалистички разузнавачки сознанија и раководство кое знае како да се искористат анализираните продукти при донесувањето одлуки и планирањето;
- Трансформација на културата и менталитетот на сите полициски службеници од „треба да знам“ во „треба да споделам“;
- Бази на податоци и информатички системи кои го поддржуваат ПРВР, кои функционираат на национално, регионално и локално ниво;
- Внатрешни и надворешни механизми за мониторинг и контрола;
- Соработка и споделување на разузнавачки сознанија во заедницата за спроведување на законот на регионално и меѓународно ниво.

## Водич на ОБСЕ за Полициско работење водено од разузнавање

Одделението за стратешки полициски работи при Одделот за транснационални закани на ОБСЕ изготви Водич за ПРВР. Во водичот е претставен најчестиот кохерентен пристап за спроведување на ПРВР во земјите членки на ОБСЕ:

- Во него се дефинира ПРВР и оправданоста за промовирањето на моделот на ПРВР како современ пристап за спроведување на законот;
- Се покриваат најважните теми поврзани со човековите права и заштитата на податоци при спроведувањето на ПРВР;
- Се опишува како да се анализираат податоците и информациите и да се подготвуваат стратешки и оперативни извештаи кои ќе се користат за информирано донесување на одлуки, засновано на докази;
- Се воведуваат практични препораки и минимални стандарди кои им се потребни на одделите за криминалистичко разузнавање и механизмите за одлучување;
- Се претставуваат различните начини како ПРВР може да го помогне полициското работење во заедницата, но и ефективните мерки за справување со насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.




## Обука

Врз основа на Водичот, Одделението за стратешки полициски работи изготви регионални и национални семинари и работилници за обука за да се претстави моделот на ПРВР кој го препорачува ОБСЕ и неговата примена за зајакнување и надополнување на постојните системи за спроведување на законот.




**За повеќе информации**
**Полициско работење водено од разузнавање**

Водичот е достапен на повеќе јазици на:
www.osce.org/chairmanship/327476

Погледнете го видеото во кое се објаснуваат клучните елементи на ПРВР на: www.osce.org/secretariat/403085

**Следете ја ОБСЕ**

Секретаријат на ОБСЕ
Оддел за транснационални закани
Одделение за стратешки полициски работи
Wallnerstrasse 6
1010 Vienna, Austria

Organization for Security and Co-operation in Europe